РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1844/2
08 08 2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана ден 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1844/1 од 27.06.2024 година, со наводи против претседателот на Основниот суд во ------------ ------------------------------ и членот на Судскиот совет на РСМ ----------------------------------, поради прекршување на Кодексот за судиска етика, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување, поради тоа што постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-1844/1 од 27.06.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Државната Комисија постапува по предмет со број 12-1844/1 од 27.06.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени сомневања дека претседателот на Основниот суд во ------------------------------------------ и членот на Судскиот совет на РСМ ------------------------------, заминале за Аџилак во Саудиска Арабија, со спонзорирани финансиски средства од страна на ------------------------------------------------------- на РСМ. Подносителот во пријавата изнесува сомневања за постоење на судир на интереси, знаејќи го фактот дека носители на овластувања во -------------------------------------------- во РСМ, се појавуваат како странки во повеќе предмети кои се водат пред Основен Суд -------------------- Управен суд и Граѓански суд во Скопје, алудирајќи на спорот помеѓу ----------------------- за превласт. Подносителот во пријавата наведува дека горенаведените дејствија ги пријавил во повеќе институции: во

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Министерство за правда, Заменик претседателот на Владата задолжен за добро владеење и Судски Совет на РСМ.

ДКСК ја разгледа пријавата и констатира дека нема надлежност за постапување, затоа што пријавените дејствија подносителот ги пријавил и до Судски совет на РСМ, како надлежен орган.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата